Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
ОКСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-346/7.
24-07-2023 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-346/1 од 08.05.2023 година поднесена од [redacted] од Скопје, со адреса на живеење на [redacted] Скопје, против [redacted] во Народна Банка на Република Северна Македонија, со седиште на бул. „Кузман Јосифовски Питу" бр. 1, Скопје, за сторена дискриминација врз основ на етничка припадност, личен и општествен статус, во областа на работата и работните односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа член 27 став (1) од Законот за спречување и заштита од дискриминација ("Службен Весник на Република Северна Македонија", бр. 258/2020), го донесе следново:

## МИСЛЕЊЕ

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основ на етничка припадност, личен и општествен статус, во областа на работата и работните односи од страна на [redacted] во Народна Банка на Република Северна Македонија, кон лицето [redacted]

## Образложение

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во понатамошниот текст: Комисијата) поднесена е претставка со архивски број 08-346/1 од 08.05.2023 година, од подносителот, [redacted] од Скопје, со адреса на живеење на ул. [redacted] Скопје, против Народна Банка на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: НБРСМ), со седиште на бул. „Кузман Јосифовски Питу" бр. 1, Скопје, за сторена дискриминација врз основ на етничка припадност, личен и општествен статус, во областа на работата и работните односи.

Подносителот на претставката, [redacted] е вработен во НБРСМ на работно место Организатор II во Отсекот за подготовка и спроведување на постапки за јавни набавки во Дирекцијата за јавни набавки. Во претставката подносителот наведува дека е дискриминиран во однос на останатите вработени во Отсекот во кој што работи по основ на етничка припадност, личен и општествен статус во областа на работата и работните односи од причина што при распоредувањето предмети за водење на постапките за јавни набавки во Секторот за кој е надлежен вицегувернерот Фадиљ Бајрами, подносителот бил изоставен, односно во последните седум години не

му е дозволено да води постапки од тој сектор со усно образложение дека [redacted] тоа не го дозволува. [redacted] од непознати причини за подносителот, одбивал да ги потпише одлуките за постапки во кои [redacted] бил претседател на Комисијата за јавна набавка, без притоа да даде било какво објаснување за истото.

Комисијата на 16.05.2023 година испрати Барање за произнесување по наводи од претставка заведено под архивски бр. 08-346/2 до Народна Банка на Република Северна Македонија.

Во одговорот, потенцијалниот дискриминатор ги отфрла сите наводи за дискриминација. Начинот на работење на Народната банка е уреден со Законот за Народна банка на Република Северна Македонија и интерните акти на банката, како што е Правилник за систематизација на работите и задачите и класификација на работните места во Народна банка и Етичкиот кодекс. Се наведува дека Отсекот за подготовка и спроведување на постапките за јавни набавки брои 4 вработени. На исто работно место како подносителот на претставката, [redacted] вработен е уште еден работник, а останатите двајца работници се распоредени на работни места со повисоки звања. Постапките за јавни набавки се распределуваат на вработените од страна на Директорот на Дирекцијата за јавни набавки или самостојниот советник во Дирекцијата за јавни набавки. Управувањето и спроведувањето на јавните набавки на НБРСМ се одвива во три фази и тоа: планирање, спроведување и реализација. Подносителот на претставката постапува во фазата на спроведување на постапките за јавни набавки. НБРСМ на годишно ниво има голем број постапки за јавни набавки, а потпишувањето на одлуките во постапки по јавни набавки го вршат различни лица согласно нивните овластувања и во зависност од вредноста на предметот на јавната набавка. При распределбата на се земаат предвид критериуми како што се обемот, тежината, висината на вредноста на набавките, квалификацијата на вработените од Отсекот и нивниот капацитет согласно дотогашните перформанси, се врши распределба на постапките за јавни набавки, па согласно наведеното постапките се распределуваат на приближно еднаков број на четворицата вработени во Отсекот, не земајќи ја притоа во предвид организациската единица на чиешто барање се спроведува јавната набавка.

На 26.06.2023 година, Комисијата оствари разговор со лицето посочено во претставката, [redacted] во НБРСМ. По остварениот разговор, Комисијата до НБРСМ упати Барање за доставување на дополнителни докази. Од

доставениот Допис со архивски бр. 08-346/6 се потврдуваат наводите од Произнесувањето.

Согласно член 46 од Законот за Народната банка на Република Северна Македонија ("Службен весник на Република Македонија", број 158/10, 123/12, 43/14, 153/15. 6/16, 83/18 и "Службен весник на Република северна Македонија", број 110/21*), со Народната банка управува Советот на Народната банка, кој се состои од девет члена од кои еден е гувернерот и три вицегувернери со статус на извршни членови и пет неизвршни членови. Гувернерот на Народната банка претседава со Советот на Народната банка, има главна извршна функција во Народната банка и е задолжен за нејзиното секојдневно работење, додека* [redacted] *му помагаат на гувернерот во извршувањето на секојдневните работи*. Во член 48 став (4) од истиот закон е уредено дека *гувернерот може да пренесе некои од своите овластувања или задачи на други членови на Советот на Народната банка или на лицата со посебни овластувања и одговорности во Народната банка.*

Согласно член 6 став (1) од Законот за работните односи ("Службен весник на Република Македонија", број 62/05, 106/08, 161/08, . 114/09, 130/09), 50/10, 52/10, 124/10, 47/11), 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 149/09, 27/16, 120/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија", број 110/19, 267/20, 151/21 и 288/21"), *работодавачот не смее барателот на вработување или работникот, да го става во нееднаква положба заради расно или етничко потекло, бојата на кожата, полот, возраста, здравствената состојба, односно инвалидност, религиозното, политичко или друго убедување, членување во синдикатите, националното или социјалното потекло, статус на семејството, имотната состојба, половата насоченост или заради други лични околности*, а во став (3) е определено дека *принципот на еднаков третман подразбира забрана за директна и/или индиректна дискриминација*. Во член 8 е уредено дека *не се смета за дискриминација правење разлика, исклучување или давање предимство во однос на определена работа, кога природата на работата е таква или работата се врши во такви услови што карактеристиките поврзани со некои од случаите од членот 6 на овој закон претставуваат вистински и одлучувачки услов за вршење на работата, под услов целта што со тоа се сака да се постигне да е оправдана и условот да е одмерен.*

Од наводите во претставката, одговорот по истата, како и дополнително прибавените докази и остварени разговори, Комисијата оцени дека не можат да се најдат факти и околности кои укажуваат дека кон лицето [redacted] од Скопје е сторена дискриминација од страна на Народната Банка на Република Северна Македонија, како негов работодавач, а врз основа на етничка припадност, личен и општествен статус во областа на работата и работните односи.

Имено, согласно член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација:*„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други."*

При тоа, за да постои дискриминација треба да се утврди постоење на фактичка состојба во која кон одредено лице или група на лица постои нееднаков третман или кон него односно кон нив се постапувало, се постапува или би се постапувало понеповолно во однос на друго лице или група во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз дискриминаторска основа.

Врз основа на доказите Комисијата можеше да констатира дека постапките за јавни набавки во НБРСМ се распределуваат на приближно еднаков број помеѓу четворица вработени во Отсекот за подготовка и спроведување на постапките за јавни набавки при Дирекцијата за јавни набавки, во која е вработен и подносителот на претставката. На [redacted] во текот на работниот процес му се доделувани и постапки за јавни набавки кои се однесуваат на дирекциите со кои раководи вицегувернерот [redacted] против кој е поднесена претставката за заштита од дискриминација. Дополнително, тој во повеќе наврати бил назначуван за претседател, член и заменик – член на Комисија за јавна набавки за потребите на дирекциите со кои раководи [redacted]

Имејќи го предвид изнесеното, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова мислење.

Скопје,
24.07.2023 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Заменик Претседател
Игор Јадровски

Доставено до:

- [redacted]
- Народна Банка на Република Северна Македонија, ул. „Кузман Јосифовски Питу" бр. 1, 1000 Скопје
- Архива на КСЗД